**Архивски број: 05-04/85**
**Датум:09.07.2021**

**ЈУ Завод за заштита и рехабилитација -**
**Бања Банско**

**ПОСТАПКА СО ПРЕГОВАРАЊЕ БЕЗ ОБЈАВУВАЊЕ НА ОГЛАС**
ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА ЈАВНА НАБАВКА НА УСЛУГИ

**ПРЕДМЕТ НА НАБАВКА:**
**ПОСТАВУВАЊЕ НА БЕТОНСКИ ТАЛОЖНИК И ЦЕВКИ ЗА СЕПТИЧКА ЈАМА**

# ТЕНДЕРСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

за постапка која се спроведува во хартиена форма и завршува кај Договорниот орган по крајот на преговорите

**Банско, Јули,2021**

**ИНСТРУКЦИИ ЗА ЕКОНОМСКИТЕ ОПЕРАТОРИ**

## 1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

### 1.1 Договорен орган

1.2.1 Договорен орган е ЈУ Завод за заштита и рехабилитација - Бања Банско, со адреса на с. Банско бб, Струмица, телефон за контакт 034/377-180, факс 034/377-180, електронска адреса juzzr-st@mtsp.gov.mk, контакт лице Розита Манчева 071/726-064 веб-страна: www.zavodbansko.com.mk

### 1.2 Предмет на договорот за јавна набавка

1.2.1 Предмет на договорот за јавна набавка на услуги е: **Поставување на бетонски таложник и цевки за септичка јама.**

1.2.2 Детален опис на предметот на договорот е даден во техничките спецификации во прилог на оваа тендерската документација.

1.2.3 Предметот на договорот е неделив. Економскиот оператор во својата понуда треба да ги вклучи сите составни делови. Во спротивно понудата ќе се смета за неприфатлива.

### 1.2.4. Општи мерки за спречување на корупцијата

1.2.5 Договорниот орган во постапката за јавна набавка и при извршување на договорот, ќе ги преземе сите потребни мерки со цел навремено откривање на корупцијата и отстранување или намалување на штетните последици од истата.

### 1.3 Вид на постапка и вид на договор

1.3.1 Договорот за јавна набавка ќе се додели **со примена на Постапка со преговарање без објавување на оглас, која ќе заврши со преговарање во 1 (еден) круг за прифатливите понуди, во однос на цената, како последна фаза во постапката.**

1.3.2 **Подетални информации за преговарањето**: **Договорниот орган по доставувањето на понудите во хартиена форма ќе изврши јавно отворање на сите пристигнати понуди до крајниот рок за поднесување на понудите при што при отворањето на понудите ниту една понуда нема да биде отфрлена освен оние кои се пристигнати по крајниот рок за доставување на понуди до архивата на договорниот орган и понудите кои не се доставени согласно точка 4.8 од тендерската документација.**

**Постапката со преговарање без објавување на оглас ќе се спроведе со преговарање во 1 (еден) круг за предметот на набавка во однос на цената како последна фаза во постапката на прифатливите поднесени понуди.**

**Предмет на преговарање е единечната цена вклучувајќи ги сите трошоци и попусти, без ДДВ за секој дел од предметот на набавка.**

**Почетна цена во преговарањето е најниската цена од прифатливите понуди поднесени во првичната фаза од постапката.**

**Поканите за учество во преговорите ќе се соопшат со писмено известување до сите присутни учесници во постапката кои доставиле прифатливи понуди во првата фаза и кои се регистрирани во ЕСЈН.**

**Преговорите ќе отпочнат во термин кој писмено ќе биде соопштен од страна на Комисијата за јавни набавки, до кој Комисијата за јавни набавки треба да изготви записник од отворање на понудите и ја провери валидноста на доставените понуди.**

**Преговарањето ќе се врши на тој начин што Комисијата за јавни набавки, во утврдено време ќе ги повика сите понудувачи чии понуди се оценети како валидни и пред присутните претставници на понудувачите ќе ја соопшти најниската понудена цена од валидните понуди и ќе ги повика понудувачите да дадат конечна цена.**

**Преговарањето не завршува се додека овластените претставници на понудувачите не ја дадат конечната цена, што значи дека може да се дава нова цена се додека не се постигне најниската цена. Преговарањето ќе заврши на тој начин што од страна на Комисијата за јавни набавки ќе биде соопштена ранг листата со конечна цена на секој од понудувачите, според висината на понудените цени по извршеното преговарање.**

**Доколку по првичната евалуација во постапката за јавна набавка остане само една прифатлива понуда, преговарањето ќе се изврши со единствениот понудувач.**

**Доколку е поднесена само една понуда или само една прифатлива понуда, преговарањето ќе се одржи само со тој понудувач.**

**Избраниот најповолен понудувач има обврска не подолго од 1(еден) ден од завршното преговарање да достави конечна понуда согласно со цените утврдени од извршеното преговарање, евидентирани во Записникот од преговарање.**

1.3.3 Оваа постапка нема да се спроведува со користење на електронски средства преку Електронскиот систем за јавни набавки (ЕСЈН).
1.3.4 Договор за јавна набавка: **Услуги**

**1.4 Место, време и времетраење на договорот**

1.4.1 Место на извршување на договорот: ЈУ завод за заштита и рехабилитација Бања Банско с.Банско –Струмица, согласно потребите на Договорниот орган.
1.4.2 Време на извршување на предметот на договорот е утврден во точка 7.2 од тендерската документација.
1.4.3 Времетраење на договорот: Договорот се склучува за времетраење до целосно исполнување на обврските од двете договорни страни.

**1.5 Применливи прописи**

1.5.1 Оваа постапка се спроведува согласно Законот за јавни набавки (“Службен весник на РМ” бр. 24/2019) и донесените подзаконски акти.

1.5.2 При подготовка на својата понуда, понудувачот треба да ги има предвид важечките прописи од областа на даноците и другите јавни давачки, работните односи, работните услови и заштитата при работа. Сите прописи може да се најдат во соодветните изданија на Службен весник на Република Северна Македонија. Дополнителни податоци во однос на важечките прописи од горенаведените области, понудувачот може да добие од Управата за јавни приходи, Царинската управа и Министерството за финансии (за даноците и другите јавни давачки), Министерството за труд и социјална политика (за работните односи, работните услови и заштитата при работа) .

**1.6 Извори на средства**

16.1 Средствата за реализација на договорот за јавна набавка кој е предмет на оваа постапка се обезбедени од од Буџетот на Министерството за труд и социјална политика, програма 42, сметка 603, расходна ставка 424.

**1.7 Право на учество**

1.7.1 Право да достави понуда има секое заинтересирано домашно и странско правно и физичко лице - понудувач, кое е регистрирано за вршење на дејноста поврзана со предметот на договорот за јавна набавка, и кое преку интернет страната на ЈУ Завод за заштита и рехабилитација Бања Банско (www.zavodbansko.com.mk) презело тендерска документација од Договорниот орган.

1.7.2 Право да достават понуда имаат и групи економски оператори, вклучувајќи ги и привремените здружувања, согласно со прописите за заштита на конкуренцијата. Договорниот орган нема да бара од групата економски оператори да има соодветна правна форма како услов за поднесување групна понуда или групна пријава за учество.

Составен дел на групна понуда е договор за поднесување групна понуда со кој членовите во групата економски оператори меѓусебно и кон договорниот орган се обврзуваат за извршување на договорот за јавна набавка, а кој особено ги содржи следниве податоци:

- членот на групата кој ќе биде носител на групата, односно кој ќе ја поднесе понудата и ќе ја застапува групата пред Договорниот орган,
- членот на групата кој во име на групата економски оператори ќе го потпише договорот за јавна набавка,
- членот на групата кој ќе ја издаде фактурата и сметката на која ќе се вршат плаќањата,
- членот на групата кој во име на групата економските оператори ќе ја обезбеди гаранцијата на понудата во форма на банкарска гаранција или депонирани средства,
- краток опис на обврските на секој од членовите на групата економски оператори за извршување на договорот и
- други податоци кои договорниот орган ќе ги утврди во тендерската документација.

**Напомена**: Во моментот на поднесување на групна понуда, сите членови на групата е потребно да бидат регистрирани на ЕСЈН.
Носителот на групата задолжително ги потпишува: понудата, потребните изјави и целокупната документација која самиот ја изготвува и потпишува.

1.7.3 Економскиот оператор кој има една или повеќе негативни референци, групата економски оператори во која членува економски оператор кој има негативна референца, немаат право на учество.
1.7.4 Кандидатот, односно понудувачот, во рамките на иста постапка за јавна набавка може да учествува само во една пријава за учество, односно понуда. Сите пријави за учество, односно понуди ќе бидат отфрлени ако кандидатот, односно понудувачот:

- учествува во повеќе од една самостојна и/или како член во групна понуда/пријава или
- учествува како подизведувач во друга самостојна и/или како член во групна понуда/пријава за учество.

1.7.15 Економскиот оператор може да учествува како подизведувач во повеќе од една понуда.

**1.8 Трошоци за поднесување на понуда**
1.8.1 Економскиот оператор ги сноси сите трошоци поврзани со подготовката и со доставувањето на понудата, а договорниот орган не е одговорен за тие трошоци без оглед на водењето и на исходот од постапката за доделување на договор за јавна набавка.

**1.9 Критериум за доделување на договорот за јавна набавка**
1.9.1 Договорниот орган како критериум за избор на најповолна понуда ќе го користи критериумот **најниска цена**.
1.9.2 За најповолна понудаќе биде избрана понудата која ќе биде оценета како економски најповолна, односно понудата која има најниска цена по спроведеното преговарање, а која претходно ќе биде оценета како прифатлива.

**1.10 Спречување на судир на интереси**
1.10.1 За спречување на судир на интересите во постапките за доделување на договори за јавни набавки соодветно се применуваат одредбите од Законот за спречување судир на интереси.
1.10.2 Носителот на набавката не смее, при извршување на договорот за јавна набавка, да ангажира лица кои биле вклучени во евалуација на понудите поднесени во постапка за доделување на договор за јавна набавка, во времетраење на договорот. Во тој случај договорот се смета за ништовен.
1.10.3 Во постапката за доделување договор за јавна набавка, претседателот, заменикот на претседателот, членовите и замениците на членовите на комисијата за јавна набавка, како и одговорното лице, потпишуваат изјава за непостоење судир на интереси која претставува дел од досието од спроведена постапка.

1.10.4 Во случај на судир на интереси кај претседателот, неговиот заменик, членовите и нивните заменици во комисијата за јавна набавка, истите се повлекуваат од работа на комисијата и се заменуваат со други лица.
1.10.5 Во случај на судир на интереси кај одговорното лице, истото со посебно решение овластува друго лице од редот на функционерите или вработените кај договорниот орган да ги донесе соодветните одлуки и да го потпише договорот.

**1.11 Начин на комуникација**

1.11.1 Секое барање, информација, известување и други документи во постапката се испраќаат во писмена форма. Секој документ се евидентира во моментот на испраќање, односно во моментот на примање.

**1.11.2 Документите, се испраќаат:**

- **по пошта,**

1.11.3 Начинот на поднесување на понудата е утврден во точка 4.8 од тендерската документација.

## 2. УТВРДУВАЊЕ НА СПОСОБНОСТ

### 2.1 Услови за утврдување на способност

2.1.1 При утврдување на способноста на економските оператори, договорниот орган утврдува:

- дали постојат причини за исклучување од постапката (член 88 став 3 и став 4 од Законот за јавни набавки ("Сл.Весник на РМ" бр. 24/19))
- дали се исполнети условите за квалитативен избор утврдени во членовите 89, 90 и 92 од Законот за јавни набавки ("Сл.Весник на РМ" бр. 24/19)

### 2.2 Причини за исклучување од постапка

2.2.1 Договорниот орган го исклучува економскиот оператор од постапката за јавна набавка доколку до крајниот рок за поднесување на понудите или пријавите за учество е на листата на издадени негативни референци од членот 101 став (13) од ЗЈН.
2.2.2 Договорниот орган го исклучува економскиот оператор од постапката за јавна набавка во случаите кога условот за исклучување ќе го наведе во тендерската документација:

а) доколку договорниот орган оправдано заклучи дека економскиот оператор со други економски оператори постигнал договор чија цел или последица е нарушување на конкуренцијата. Се смета дека заклучокот на договорниот орган од оваа точка е оправдан доколку Комисијата за заштита на конкуренцијата, врз основа на пријава на договорниот орган, во рок од 15 дена го извести договорниот орган дека ќе поведе прекршочна постапка;

б) доколку економскиот оператор покажал значителни или постојани недостатоци во исполнувањето клучни обврски во претходни договори за јавни набавки или претходни договори за концесии и јавно приватни

партнерства склучени со тој договорен орган, што резултирало со еднострано раскинување на договорот, барање оштета или преземање други слични санкции од страна на договорниот орган;

в) доколку економскиот оператор незаконски влијае врз одлуката на договорниот орган или да добие доверливи информации со кои би можел да стекне незаконска предност во постапката за јавна набавка.

**2.3 Услови за квалитативен избор на економските оператори**

2.3.1 Услов за квалитативен избор на економските оператори се:

а) способност за вршење професионална дејност;

.

**2.3.1.а) Способност за вршење професионална дејност**

2.3..1.а)1 Како услов за утврдување способност за вршење професионална дејност, договорниот орган бара секој економски оператор да достави доказ дека е регистриран како физичко или правно лице за вршење на дејноста поврзана со предметот на набавка или доказ дека припаѓа на соодветно професионално здружение согласно со прописите на земјата каде што е регистриран.

- потврда за регистрирана дејност (образец ДРД) како доказ дека е регистриран како физичко или правно лице за вршење на дејноста поврзана со предметот на договорот за јавна набавка или доказ дека припаѓа на соодветно професионално здружение согласно со прописите на земјата каде што е регистриран. Во Република Северна Македонија надлежен орган за издавање на овој документ е Централниот регистар на Република Северна Македонија.

## 3. ПОЈАСНУВАЊЕ, ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ТЕНДЕРСКАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА

**3.1 Појаснување на тендерската документација**

3.1.1 Економскиот оператор може да побара појаснување на тендерската документација од договорниот орган, исклучиво во писмена форма или електронски на е-маил адресата наведена во точка 1.2.1. од тендерската документација, **најдоцна 48 часа пред крајниот рок за поднесување понудите**.

3.1.2 Појаснувањето договорниот орган јавно ќе го објави на интернет страната на ЈУ Завод за заштита и рехабилитација Бања Банско (http://www.zavodbansko.com.mk), без при тоа, да се идентификува економскиот оператор што побарал појаснување.

**3.2. Измена и дополнување на тендерската документација**

3.2.1 Договорниот орган може, најдоцна 24 часа пред крајниот рок за поднесување понудите, по свое наоѓање или врз основа на поднесените прашања или барања од економските оператори, да ја измени или дополни тендерската документација.

## 4. ПОДГОТОВКА И ПОДНЕСУВАЊЕ НА ПОНУДИТЕ

### 4.1 Содржина на понудата

**4.1.1 Понудата треба да биде подготвена врз основа на оригиналната тендерска документација во хартиена форма и се состои од следниве елементи:**

- **пополнет образец на понуда;**
- **пополнет образец на финансиски дел на понудата (листа на цени);**
- **документ со која се докажува способноста за вршење на дејност (ДРД образец)**
- **изјава за сериозност на понудата;**

4.1.2 Економскиот оператор понудата ја изготвува и доставува врз основа на обрасци на понуда дадени во оваа тендерска документација. Доколку на дадениот образец на понуда во оваа тендерска документација економскиот оператор не може целосно и сеопфатно да ја изрази својата понуда, може да достави дополнение на својата понуда како посебен документ. Понудата поднесена на образец на понуда кој не ги содржи сите елементи согласно тендерската документација може да биде отфрлена како неприфатлива.

4.1.3 Доколку понудувачот има намера дел од договорот за јавна набавка да го отстапи на еден или повеќе подизведувачи, во понудата мора да наведе податоци за делот од договорот кој има намера да го отстапи на подизведувачи, како и податоци за сите предложени подизведувачи (фирма, седиште, единствен даночен број и слично). Понудувачот е одговорен пред договорниот орган за извршување на договорот за јавна набавка, без оглед на бројот на подизведувачите.

### 4.2 Цена на понудата

4.2.1 Понудената цена треба да ги вклучува сите трошоци и попусти на економскиот оператор за целосна реализација на предметот на набавка, и истата треба да биде искажана без данок на додадена вредност, кој се искажува посебно.
4.2.2 Економскиот оператор во спецификацијата со цени (во прилог на Финансиската понуда) ги внесува единечните цени по позиции и вкупната цена на набавката.
4.2.3 Цената на понудата се пишува со бројки и букви.
4.2.4 Преговарањето ќе се врши на вкупната цена на понудата без ДДВ .

### 4.3 Валута на понудата, фактурирање, начин на плаќање

4.3.1 Цената на понудата се изразува во денари.
**Начин на плаќање е вирмански** во рок од 60 дена **по доставена фактура во архивата на установата, а по предходно доставени испратници потпишани од двете договорни страни.**
4.3.2 Начинот на плаќање е задолжителен. Секоја понуда која содржи начин на плаќање поинаков од оној утврден во оваа точка ќе се смета за неприфатлива и како таква ќе биде одбиена од страна на комисијата за јавни .

**4.4 Период на важност на понудата**

4.4.1 Понудите треба да важат **најмалку 60 дена** од денот утврден како краен рок за поднесување на понудите, за чие времетраење понудата во сите нејзини елементи е обврзувачка за понудувачот. Понудата што важи за пократок период од предвидениот, договорниот орган ја отфрла како понуда што не одговара на условите.

4.4.2 Доколку договорниот орган процени за потребно може да побара од понудувачот продолжување на периодот на важност на понудата.

**4.5 Изјава за сериозност на понудата**

4.5.1 Во прилог на понудата, понудувачот доставува и потпишана изјава за сериозност на понудата, при што треба да го користи образецот на изјава даден во прилог на тендерската документација.

4.5.2 Со изјавата за сериозност на понудата, понудувачот изјавува дека нема да ги преземе следните дејствија.

- ја повлече својата понуда пред истекот на периодот на нејзината важност,
- не ја прифати исправката на аритметичките грешки од страна на комисијата,
- не го потпише договорот за јавна набавка согласно со условите од тендерската документација и доставената понуда

4.5.3 Изјавата за сериозност се доставува заедно со понудата и не може дополнително да се достави по истекот на рокот за поднесување на понудите.

4.5.4 Доколку дојде до прекршување на дадената изјава за сериозност на понудата, истото ќе резултира со издавање негативна референца против таквиот понудувач на начин и согласно условите утврдени во Законот за јавните набавки.

4.5.5 Забраната за учество во постапките за доделување договори за јавни набавки согласно со условите од потточка 4.5.4 се однесува и на групата економски оператори во која членува економски оператор кој има негативна референца.

4.5.6 Изјавата ја потпишува лицето што ја потпишува и понудата. Доколку лицето што ја потпишува изјавата се разликува од лицето што ја потпишува понудата, во прилог се доставува и овластување за потпишување на изјавата.

**4.6 Форма и потпишување на понудата**

4.6.1 Понудувачот подготвува еден оригинален примерок со ознака „оригинал“. Понудата се пишува со неизбришливо мастило и ја потпишува овластено лице од страна на понудувачот. Сите страници на понудата, освен за неизменетата печатена литература, ги парафира лицето кое ја потпишува понудата. Секое пишување меѓу редовите, бришење или пишување врз претходен текст важи само доколку е парафирано од лицето кое ја потпишува понудата. Доколку понудувачот има намера дел од договорот за јавна набавка да го отстапи на еден или повеќе подизведувачи, во понудата мора да наведе податоци за делот од договорот кој има намера да го отстапи на подизведувачи, како и податоци за сите предложени подизведувачи (фирма, седиште, единствен даночен број и слично). Понудувачот е одговорен пред договорниот орган за извршување на договорот за јавна набавка, без оглед на бројот на подизведувачите.

**4.7 Начин на доставување на понудата и придружната документација**

4.7.1 Понуди можат да доставaт економските оператори кои презеле тендерска документација од интернет страната на договорниот орган или на кој ДО им испратил покана за поднесување на понуда со Тендерската документација.

**4.7.2 Економскиот оператор понудата и целокупната придружна документација ја доставува во хартиена форма во архивата на договорниот орган пред крајниот рок за поднесување на понудите.**

**4.7.3 Понудата и придружната документација, се доставува во хартија во запечатен внатрешен плик на кој се наведува полниот назив и адреса на економскиот оператор, најдоцна до крајниот рок на отварање на понудите. Така запечатениот внатрешен плик се затвора во надворешен плик кој:**

- **е адресиран со точна адреса на договорниот орган;**
- **содржи информација за бројот на огласот за доделување на договор за јавна набавка и датумот на кој е објавен;**
- **во горниот лев агол стои предупредување „Не отворај“, за да не се отвора пред времето и датумот за отворање на понудата.**

**4.8 Краен рок и место за поднесување на понудите**

4.8.1 Краен рок за доставување на **понудите е 12.07.2021 година во 11:00 часот** определен како краен рок за доставување на понудите.

4.8.2 Економскиот оператор оригиналната понуда потпишана и заверена од одговорното лице на понудувачот и придружната документација ги приложува лично на адреса на договорниот орган, преку овластен давател на поштенски услуги или преку друга соодветна курирска служба.

**4.8.3 Понудите се поднесуваат во архивата кај договорниот орган на следната адреса: ЈУ Завод за заштита и рехабилитација Бања Банско с.Банскобб, Струмица, со назнака: “За постапка со преговарање без објавување на оглас за набавка на услуги – поставување на бетонски таложник и цевки за септичка јама за оглас бр.02/2021.**

4.8.4 Понудата која е поднесена по истекот на крајниот рок за поднесување на понудите ќе биде автоматски отфрлена за што и договорниот орган и економскиот оператор ќе бидат известени и истата нема да се евалуира при отворање на понудите.

**4.9 Алтернативни понуди**

4.9.1 Во оваа постапка за доделување на договор за јавна набавка не се дозволени алтернативни понуди.

## 5. ОТВОРАЊЕ И ЕВАЛУАЦИЈА НА ПОНУДИТЕ

### 5.1 Отворање на понудите

5.1.1 На јавното отворање на понудите може да присуствува секое заинтересирано лице.

5.1.2 Само овластените претставници на понудувачите можат да учествуваат во постапката на јавно отворање на понудите со давање на свои забелешки во записникот од отворањето на понудите.

5.1.3 Овластените претставници на економските оператори на јавното отворање мораат да носат овластување потпишано од одговорното лице на економскиот оператор. Сите овластени претставници на економските оператори, присутни на јавното отворање, треба да потпишат евидентен лист.

5.1.4 **Јавното отворање ќе се одржи на 12.07.2021 година во 11:00 часот**, во **ЈУ Завод** за заштита и рехабилитација Бања Банско с.Банско бб, Струмица.

5.1.5 Доставените понуди се отвораат согласно Законот за јавните набавки и тоа: една по една, согласно редоследот на нивното пристигнување во архивата на договорниот орган (почнувајќи од прво поднесената понуда) со читање на името на економскиот оператор, при што се констатира дали понудите се доставени според точка 4.8 од тендерската документација и дали се во оригинал, а потоа се пристапува кон читање на понудите по истиот редослед по кој тие се отворени, освен понудите, кои согласно Законот за јавните набавки, се исклучуваат од натамошната постапка. При тоа, најпрво ќе се отворат и прочитаат замените, измените и повлекувањата на понудите.

5.1.6 После тоа се пристапува кон читање на цените на понудата (единечна и вкупна цена), вклучувајќи какви било попусти и постоењето на изјава за сериозност. Само попустите кои се прочитани на јавното отворање на понудата ќе се разгледуваат при евалуацијата на понудите. Ниту една понуда нема да биде отфрлена на отворањето на понудите, освен задоцнетите понуди.

5.1.7 Комисијата за јавни набавки ќе пристапи кон јавно отворање на понудите доколку е пристигната и само една понуда.

5.1.8 Во текот на отворањето на понудите се води записник според Правилник за формата и содржината на записникот од отворањето на понудите ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.225/19).

### 5.2 Доверливост на процесот на евалуација на понудите

5.2.1 Ниту една информација во врска со разгледувањето, оценката и споредбата на понудите во процесот на евалуација нема да им се откријат на економските оператори или на кои било други лица што не се службено вклучени во тој процес.

### 5.3 Појаснување на понудите

5.3.1 При проверката на комплетноста и валидноста на документацијата за утврдување на способноста на понудувачот и при евалуација на понудата, комисијата може да побара понудувачите да ги појаснат или дополнат документите, доколку не станува збор за значителни отстапувања од бараната документација. Комисијата не смее да создава предност во корист на одреден економски оператор со користење на бараните појаснувања или дополнувања.

Барањето од Комисијата за појаснување и одговорот се во хартиена форма согласно точка 4.7.2 со ознака за предметот на постапката со назнака „Појаснување/дополнување на поднесени документи”.

5.3.2 Бараното објаснување понудувачот го доставува на адреса согласно точка 4.8.2 во рок дополнително утврден во барањето од комисијата.

5.3.3 Секое појаснување доставено од страна на економскиот оператор во поглед на неговата понуда што не е дадено како одговор на барање од договорниот орган, нема да се разгледува.

5.3.4 Никакви промени во финансиската и техничката понуда, освен исправката на аритметички грешки, не смеат да се бараат, нудат или да се дозволат од страна на комисијата или од понудувачот.

5.3.5 Комисијата може да бара директно од понудувачот, а со цел за објаснување на понудата, превод на делот од понудата кој е во врска со техничката документација за кој во тендерската документација дозволил истата да биде изработена на странски јазик и за истото да одреди примерен рок.

## 5.4 Евалуација на понудите

5.5.1 Неприфатливите понуди комисијата нема да ги евалуира.

5.5.2 Евалуацијата на понудите се врши исклучиво во согласност со критериумите наведени во тендерската документација и доставените понуди.

5.5.3 Понудите кои не ги исполнуваат минималните барања за способност на економските оператори ќе бидат отфрлени.

5.5.7 По извршената евалуација, комисијата ќе пристапи кон рангирање на понудите и по извршеното преговарање ќе пристапи кон изготвување предлог за избор на најповолна понуда/најповолни понуди.

# 6. ОДЛУКА ЗА ИЗБОР НА НАЈПОВОЛНА ПОНУДА/ ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ ЗА ЈАВНА НАБАВКА / ИЗВЕСТУВАЊЕ НА ПОНУДУВАЧИТЕ/ СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ ЗА ЈАВНА НАБАВКА/

## 6.1 Одлука за избор на најповолна понуда

6.1.1 Договорниот орган ја избира најповолната понуда, за што донесува одлука.

6.1.2 Договорниот орган е должен да донесе одлука за избор или за поништување на постапката во рок кој не е подолг од рокот за поднесување на понудите, сметајќи од денот определен како краен рок за поднесување на понудите, а не сметајќи ги деновите во кои договорниот орган чека преземање одредено дејствие од друг субјект.

6.1.3 Договорниот орган може, до истекот на рокот за поднесување жалба, да исправи грешки во имињата или броевите, во текстот или други очигледни грешки во одлуката што ја донел.

6.1.4 Ако избраниот понудувач се откаже од склучување на договорот или дојде до раскинување заради негово ненавремено или неквалитетно извршување, договорниот орган може да склучи договор со следниот рангиран понудувач.

**6.2 Доделување на договорот за јавна набавка**

6.2.1 Договорниот орган, по спроведеното преговарање од постапката со преговарање без објавување на оглас, договорот му го доделува на економскиот оператор чија понуда ќе има најниска цена по спроведеното преговарање.

6.2.2 Доколку две или повеќе понуди иста цена, за најповолна ќе биде избрана онаа понуда која е прводоставена во архивата на Договорниот орган.

6.2.3 Доколку никој не поднесе нова цена во текот на преговарање, а притоа две или повеќе понуди имаат идентична цена, за најповолна ќе биде избрана порано поднесената понуда во архивата на Договорниот орган.

6.2.4 По завршувањето на преговарање и изборот на најповолен понудувач, доколку предметот на набавката или поединечниот дел се состои од повеќе ставки, цената на секоја од поединечните ставки ќе се пресметува со соодветно намалување кое ќе биде еднакво на процентот на намалување на цената на првичната понуда на избраниот најповолен понудувач (пред спроведеното преговарање) и цената на последната понуда (по спроведеното преговарање).

6.2.5 Доколку во текот на постапката, најповолната прифатлива понуда согласно условите на постапката е со цена повисока од износот на средства утврден во одлуката за јавна набавка, договорниот орган може да ја измени одлуката и да дообезбеди средства потребни за реализација на договорот, под услов понудената цена да не е понеповолна од реалните цени на пазарот или да ја поништи постапката.

**6.3 Известување за доделување на договорот за јавна набавка**

6.3.1 Договорниот орган ги известува понудувачите за извршениот избор на најповолна понуда или поништувањето на постапката за јавна набавка. **Известувањето се доставува во рок од 1 (еден) ден од денот на донесувањето на соодветната одлука.** Во исто време, и сите други економски оператори ќе бидат известени за резултатите од спроведената постапка, одлуката кој е најповолен економски оператор како и за причините за неизбор на нивната понуда. Економските оператори што учествувале во постапката имаат право на увид во извештајот од спроведената постапка.

6.3.2 Во прилог на известувањето се доставува и примерок од соодветната одлука.

6.3.3 По доставување на одлуката за избор на најповолна понуда или за поништување на постапката, а до истекот на рокот за вложување жалба, економските оператори што учествувале во постапката имаат право на увид во целокупната документација од постапката, вклучувајќи ги доставените понуди или пријави за учество, освен оние документи што се означени како деловна тајна.

**6.4 Склучување на договорот за јавна набавка**

6.4.1 Договорните страни го склучуваат договорот за јавна во писмена форма во рамки на рокот на важност на најповолната понуда, но не подоцна од 2 (два) дена од денот на доставување на одлуката за избор, согласно член 4 став 4 од Уредбата со законска сила. Договорот за јавна набавка се склучува согласно со условите утврдени во тендерската документација и понудата.

6.4.2 Договорниот орган ќе го достави договорот за јавна набавка до избраниот најповолен понудувач во 4(четири) примероци на потпишување.

6.4.3 Избраниот најповолен понудувач има обврска да го потпише договорот за јавна набавка во рок од 1 (еден) ден од денот на добивање на договорот и истиот да му го врати на договорниот орган.

6.4.4 Доколку избраниот најповолен понудувач не го потпише договорот во рокот утврден во потточка 6.4.3 од тендерската документација, договорниот орган го задржува правото да смета дека избраниот најповолен понудувач се откажал од склучување на договорот, да даде негативна референца за понудувачот и да ја активира дадената Изјава за сериозност на понудата.

**7. ЗАДОЛЖИТЕЛНИ ЕЛЕМЕНТИ ОД ДОГОВОРОТ ЗА ЈАВНА НАБАВКА**

**7.1 Начин и рок на плаќање**

7.1.1 Се предвидува следниов начин на плаќање:

**Вирмански во рок** од 60 дена **по извршена услуга и уредно доставена фактура во архивата на договорниот орган а по предходно доставени испратници потпишани од двете договорни страни.**

.

НАПОМЕНА: Договорниот орган е буџетски корисник, финалното одобрување на исплатата се врши од Трезор на Министерството за Финансии.

Начинот и рокот на плаќање е задолжителен. Секоја понуда која содржи начин на плаќање поинаков од оној утврден во оваа точка ќе се смета за неприфатлива и како таква ќе биде одбиена од страна на комисијата за јавни набавки.

**7.2 Рок и место на извршување на услугата**

7.2.1 Се предвидува следниот начин и место на извршување:

- Место на ивршување на предметот на набавка ќе се изврши на локација : ЈУ Завод за заштита и рехабилитација Бања Банско с.Банско бб- Струмица
- Рок на извршување: **10 дена**

Рокот и местото на извршување се задолжителни. Секоја понуда која содржи рок и место , поинакови од тие утврдени во оваа точка ќе се смета за неприфатлива и како таква ќе биде одбиена од страна на комисијата за јавни набавки.

**7.3 Разлики во цена (корекција на цени)**

Не се предвидува корекција на цените, односно цените искажани во понудата на најповолниот понудувач ќе бидат фиксни за целото времетраење на договорот за јавна набавка.

**7.4 Авансно плаќање**

За извршување на договорот за јавна набавка не е дозволено авансно плаќање.

**8. ПРАВНА ЗАШТИТА**

8.1 Секој економски оператор кој има правен интерес за добивање на договорот за јавна набавка и кој претрпел или би можел да претрпи штета од евентуално прекршување на одредбите од Законот за јавните набавки, може да бара правна заштита против одлуките, дејствијата и пропуштањата за преземање дејствија од страна на договорниот орган во постапката за доделување на договор за јавна набавка.

8.2 Во постапка со преговарање без објавување на оглас, жалбата се изјавува во рок од десет дена од денот на приемот на одлуката за избор или за поништување, во однос на тендерската документација, евалуацијата и изборот на понудите, односно за причините за поништување на постапката.

8.3 Жалителот кој пропуштил да изјави жалба во однос на одредбите од точка 8.2, нема право на жалба во подоцнежната фаза на постапката за истиот правен основ.

**9. ПОНИШТУВАЊЕ НА ПОСТАПКАТА**

9.1 Договорниот орган може да ја поништи постапката за јавна набавка, за што носи одлука за поништување на постапката ако:

- бројот на кандидати е понизок од минималниот број предвиден за постапките за јавна набавка согласно со овој закон,
- не е поднесена ниту една понуда или ниту една прифатлива понуда,
- настанале непредвидени промени во буџетот на договорниот орган,
- понудувачите понудиле цени и услови за извршување на договорот за јавна набавка кои се понеповолни од реалните на пазарот,
- оцени дека тендерската документација содржи битни пропусти или недостатоци,
- добие инструкции од Бирото да ја поништи постапката во управна контрола или поради технички проблем на ЕСЈН кој не може да се надмине на поинаков начин, или
- поради непредвидени и објективни околности се промениле потребите на договорниот орган.

9.2 Договорниот орган ги известува сите учесници во постапката за јавна набавка, најдоцна во рок од три дена од денот на поништувањето, во врска со престанокот на обврските на учесниците што произлегуваат од поднесувањето на понудите и за причините за поништување на постапката.

**10. ЗАВРШУВАЊЕ НА ПОСТАПКАТА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА ЈАВНА НАБАВКА**

10.1 Постапката за јавна набавка завршува на денот на донесување на одлуката за избор или за поништување на постапката.

# Техничка спецификација

| Ред. Бр. | Опис | Единица мерка | Количина |
|---|---|---|---|
| | 2 | 3 | 4 |
| 1 | Расчистување на терен од треви, грмушки и дрвја и одвоз до депонија | бр | 1 |
| 2 | Кршење на бетонски плочи од таложници и одвоз до депонија | бр | 1 |
| 3 | Ископ земја и полнење на таложница со земја | бр | 1 |
| 4 | Набавка и поставување на бетонски таложници 1,8х1, 8х2,2 | бр | 1 |
| 5 | Ископ ров и поврзување на постоечките цевки со новиот таложник | бр | 1 |

**Прилог 1 – Образец на понуда**

Врз основа на покана бр ____________ доставена од страна на ЈУ Завод за заштита и рехабилитација - Бања Банско, за доделување на договор за јавна набавка на Поставување на бетонски таложник и цевки за септичка јама за потребите на ЈУ Завод за заштита и рехабилитација - Бања Банско со спроведување на постапка со преговарање без претходно објавување на оглас и на тендерската документација ја поднесуваме:

**П О Н У Д А**

**1. ОПШТ ДЕЛ**

1.1.Име на понудувачот: ______________________________________________

1.2. Контакт информации

Адреса: ______________________________________________________

– Телефон: ___________________________________________________
– Факс: ______________________________________________________
- Е-пошта: ___________________________________________________
– Лице за контакт: ____________________________________________

1.3. Одговорно лице: ___________________________________________

**1.4. Даночен број**: ___________________________________________

**II – Техничка и финасиска понуда**

II.1.Согласни сме да ги понудиме следните услуги: .

Поставување на бетонски таложник и цевки за септичка јама.

II.2. Според тоа, вкупната цена на нашата понуда, вклучувајќи ги сите трошоци и попусти, без ДДВ, изнесува: _________________________________________ [со бројки] (_____________________________________________) [со букви] денари. Вкупниот износ на ДДВ изнесува ________________.

II.3. Ги прифаќаме начинот и рокот на извршување на услугат утврдени во тендерската документација.

II.4. Нашата понуда важи за периодот утврден во тендерската документација. Се согласуваме со начинот на плаќање утврден во тендерската документација.

II.5. Со поднесување на оваа понуда, **во целост** ги прифаќаме условите предвидени во тендерската документација и не го оспоруваме Вашето право да ја поништите постапката за доделување на договор за јавна набавка согласно со член 114 од Законот за јавните набавки.

Место и дата
________________

Одговорно лице
____________________
Потпис и печат

**Листа на цени:**

| Р. број | Опис | единица мерка | количина | единечна цена без ддв | вкупна цена без ддв | ддв | вкупна цена со ддв |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Расчистување на терен од треви, грмушки и дрвја и одвоз до депонија | број | 1 | | | | |
| 2 | Кршење на бетонски плочи од таложници и одвоз до депонија | број | 1 | | | | |
| 3 | Ископ земја и полнење на таложница со земја | број | 1 | | | | |
| 4 | Набавка и поставување на бетонски таложници 1,8x1, 8x2,2 | број | 1 | | | | |
| 5 | Ископ ров и поврзување на постоечките цевки со новиот таложник | број | 1 | | | | |
| | ВКУПЕН ИЗНОС НА ПОНУДАТА БЕЗ ДДВ: | | | | | | |

Одговорно лице

__________________________

Потпис и печат

**Прилог 2 – Изјава за сериозност на понудата**

Влада на Република Северна Македонија

-ЈАВНА УСТАНОВА ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА И РЕХАБИЛИТАЦИЈА
Б.БАНСКО СТРУМИЦА -

# И З Ј А В А

Јас, долупотпишаниот ________________________________________ [име и презиме], врз основа на член 101 став 1 од Законот за јавните набавки, а во својство на одговорно лице на понудувачот__________________________________________________________, изјавувам дека во целост ја гарантирам содржината на понудата за доделување на договор за јавна набавка број __________ на **Поставување на бетонски таложник и цевки за септичка јама** објавен од страна на ЈУ Завод за заштита и рехабилитација Бања Банско и дека понудата е валидна и правно обврзувачка за нас во сите нејзини делови до истекот на периодот на нејзината важност.

Исто така, изјавувам дека сум целосно свесен за последиците од прекршување на оваа изјава во случаите од член 101 став 7 од Законот за јавните набавки, што ќе доведе до издавање негативна референца од страна на договорниот орган против понудувачот во чие име и за чија сметка сум овластен да ја дадам оваа изјава.

Место и датум　　　　　　　　　　　　Одговорно лице

_____________________________　　　_____________________________
　　　　　　　　　　　　　　　　　　　　(потпис) *